# **СОСТОЈБА СО ГРИП - СЕЗОНА 2025/2026**

(Петта недела, до 01.02.2026)

## ***Неделни податоци***

Во текот на <u>петтата недела</u> од 2026 година (26.01-01.02.2026), во Македонија се пријавени 1.498 (I=81,6/100.000) случаи на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, 12,3% помалку во споредба со претходната недела (n=1.708).

Бројот на пријавени лица оваа недела споредено со петтата недела од минатата сезона (n=3.036) е намален за 50,7%, а во споредба со бројот за петтата недела од типичната епидемиска крива (моделирана од последните 15 сезони) (n=2.656), намален е за 43,6%. (Графикон 1)

Во текот на петтата недела, регистрираната инциденца е во рамките на ниска активност (Графикон 1).

*<u>Графикон 1.</u> Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2010-2025, сезона 2024/2025 и сезона 2025/2026*




Во однос на возрасната дистрибуција, 866 лица се на возраст од 15-64 години, 247 се деца на возраст од 5-14 години, 224 се лица на возраст над 65 години, 161 - деца на возраст од 0-4 години. Највисока инциденца (166,8/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години.

Заболените лица се пријавени од 28 ЦЈЗ/ПЕ: Скопје – 473, Прилеп – 146, Струмица – 139, Охрид – 99, Битола – 77, Штип – 70, Тетово – 63, Гевгелија – 61, Куманово – 59, Дебар – 43, Велес 36, а во Радовиш, Кичево, Кавадарци, Струга, Гостивар, Ресен, Неготино, Свети Николе, Кратово, Крушево, Виница, Демир Хисар, Пробиштип, Кочани, Македонски Брод, Пехчево, Валандово, бројот на заболени е помал од 30. Во Берово, Делчево и Крива Паланка нема пријавени заболени лица од грип и заболувања слични на грип.

Во три ЦЈЗ/ПЕ (Охрид, Дебар, Гевгелија) се бележи висока активност, средна активност се регистрира во осум ЦЈЗ/ПЕ, во 14 се бележи сезонска активност, додека во три единици се бележи многу ниска активност на вирусот на грип. (Картограм 1)

**Картограм 1.** Ниво на активност на грип според инциденца на 100.000 жители, петта недела 2026




Во текот на петтата недела од 2026 година, пријавено е едно починато лице асоцирано со грип. Се работи за машко лице на возраст од 62 години од Тетово кое било хоспитализирано на инфективното одделение Клиничка болница Тетово. Кај починатото лице е утврдено присуство на коморбидитети и не било вакцинирано со вакцина против сезонски грип. Лабораториски е потврдена Influenza A(H3).

ВИРУСОЛОШКИ НАДЗОР

Во текот на петтата извештајна недела од 2026 година, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, пристигнати се 48 материјали од рутинскиот и САРИ надзорот за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.
Од вкупно тестираните материјали, детектирани се 7 позитивни случаи на грип: 5 Influenza A(H1)pdm09 и 2 Influenza A(H3).
Дополнително детектирани се 8 случаи на RSV (сите RSV тип B) и едно позитивно лице на SARS-CoV-2.

Во рамки на тековната сезона на акутни респираторни инфекции, Одделението за вирусологија при ИЈЗ спроведе секвенционирање на вкупно 33 примероци, со цел утврдување на циркулирачките вируси и нивните генетски карактеристики.
Секвенционирањето беше направено на :

- 3 SARS-CoV-2 примероци од почетокот на сезоната (септември-октомври 2025), кај кои детектирани беа генетските линии: XFG.23.1.2, XFG.3.1 и PF.1
- 1 RSV-A примерок : A.D.3.11
- 7 RSV-B примероци: сите припадници на B.D.E.1 линијата
- 5 Influenza A(H1N1)pdm примероци – кај сите беше детектирана HA клада D.3.1.1 (5a.2a.1)
- 17 Influenza A(H3N2) примероци – кај сите беше детектирана HA кладата K (J.2.4.1 / 2a.3a.1)

Доминацијата на Influenza A(H3N2) вирусите од К кладата на глобално ниво претставува забележлива еволутивна промена кај H3N2 вирусите и сугерира еволутивно прилагодување (fitness advantage) кое овозможува доминантна циркулација во тековната сезона, без досегашни индикации за зголемена тежина на клиничката слика.[1] Фактот што К кладата е детектирана кај примероци од повеќе различни градови на Македонија (Битола, Гевгелија, Охрид, Тетово, Скопје и Куманово) укажува дека станува збор за активна и широко распространета циркулација, релевантна за националниот епидемиолошки надзор.

## ЕПИДЕМИОЛОШКИ НАДЗОР - Кумулативни податоци

**Во сезоната 2025/2026,** вкупниот број на случаи на грип/заболувања слични на грип изнесува **11.415 (I=621,5/100.000)**.

Во споредба со истиот период од минатата сезона (n=8.734), бројот на пријавени случаи е зголемен за 30,7%, а во однос на моделот од последните 15 сезони (n=12.278) се регистрира намалување од 7,0%.

Кумулативно, заболените се пријавени од сите ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број на заболени лица (n=3.135) се регистрира на територијата на Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (I=1.933,9/100.000) е регистрирана на територијата на Дебар (n=370). (Табела 1 во Прилог)

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 6.707 случаи (58,8%), а највисока инциденца (1.300,2/100.000) се регистрира во возрасната група од 0-4 години и 5-14 години (921,7/100.000). (Графикон 2, Табела 1 во Прилог)

***Графикон 2****. Дистрибуција на случаите сезонски грип по ЦЈЗ/ПЕ и инциденца на 100.000 жители, сезона 2025/2026*




[1] *https://www.who.int/emergencies/disease-outbreak-news/item/2025-DON586

Дистрибуција на случаите од сезонски грип/заболувања слични на грип по месеци (Табела 1 во Прилог):

- октомври – 338 случаи или 3,0%
- ноември – 438 случаи или 3,8%
- декември – 1.324 случаи или 11,6%
- јануари – 9.135 случаи или 81,6%

Во текот на сезоната на грип, регистрирани се четири починати лица асоцирани со грип.

## ВИРУСОЛОШКИ НАДЗОР - Кумулативни податоци

Од почетокот на сезоната 2025/2026, заклучно со 5-та недела/2026, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнати се 729 материјали од рутинскиот и сентинел САРИ надзорот. Сите пристигнати материјали се тестирани за присуство на инфлуенца вирус, SARS-CoV-2 и/или RSV.

Детектирани се **106** позитивни случаи на грип:

- **Influenza A – 106**
  - Influenza A(H1)pdm09 – 31 (29,2%)
  - Influenza A(H3) – 62 (58,5%)
  - Influenza A – несубтипизиран – 13 (12,3%)
- **Influenza B – 0**

Регистрирани се 7 позитивни случаи на SARS-CoV-2.
Регистрирани се 39 позитивен случај на респираторен синцицијален вирус (RSV несуптипизиран – 2, RSV-A - 6 и RSV-B – 31).
Дополнително, детектирани се 5 други респираторни вируси кај тестираните примероци.

***Графикон 2.*** *Неделна дистрибуција на број и процент на позитивни примероци на грип, рутински и сентинел надзор, Р.С. Македонија, 2025/2026*



## ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

**Во текот на петтата недела од 2026 година продолжува трендот на намалување на бројот на заболени и инциденцата на заболувања слични на грип на неделно ниво. Пријавената неделна инциденца е во рамките на ниска активност. Резултатите добиени од вирусолошкиот надзор над инфлуенца покажуваат дека има регионална географска активност на вирусот на грип. Процентот на позитивност е над границата од 10% осум недели со ред.**
**Согласно овие податоци, во Македонија има среден интензитет на вирусот на грип.**

## ОПШТИ МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА

*Извор: https://sezonskigrip.mk/

Општите мерки за заштита од грип се насочени кон сите акутни респираторни заболувања и може да се од голема корист, особено ако се применуваат во текот на целиот зимски период:

- Да се избегнува собирање и престој во простории каде престојуваат повеќе луѓе, особено да се избегнува близок контакт со луѓе кои се болни или сомнителни – кашлаат, киваат, имаат покачена телесна температура.
- Често да се мијат рацете со вода и сапун или дезинфекционо средство.
- Да се загреваат просториите за престој и често да се проветруваат.
- Препорачливо е топло, слоевито облекување, топли бањи.
- Да се пијат топли напитоци (чаеви и супи), овошни цедени сокови, вода со лимон.
- Да се земаат свежи продукти богати со витамини и минерали, најдобро овошје и зеленчук кои му се неопходни на организмот. Особено се пожелни продукти богати со витамин Ц (цитрони, лимони, портокали). Доколку не се располага секогаш со свежи прехрамбени продукти, може да се користат и мултивитамински напитоци и препарати.
- Практикување здрав начин на живот и навики, вклучително добар сон и одмор, здрава храна, одржувајте физичка и психичка активност, намалете го стресот.

Силниот имунитет ќе ви помогне да останете здрави или полесно да се справите со грипот и заболувањата слични на грип. Сепак, дури и да сте совршено здрави и да имате силен имунитет, може да заболите од грип или заболување слично на грип.

**Што доколку се разболите од грип?**

Следете ги следните препораки:

- Останете дома и не одете на работа, во училиште или на места каде има многу луѓе.
- Одморајте се и земајте многу течности и лесна храна.
- Избегнувајте блиски контакти со лицата со кои живеете, не примајте посети додека сте болни.
- Покријте го носот и устата со шамивче при кашлање и кивање. По употреба, фрлете ги во корпа за отпадоци.
- Носете заштитна маска кога контактирате со своите блиски во домот, кога кашлате и кивате.
- Практикувајте често и темелно миење на раце со топла вода и сапун.
- Користете влажни марамчиња кои содржат алкохол или средство за дезинфекција на рацете.
- Избегнувајте допирање на очите, носот и устата со раце.
- Често проветрувајте ја просторијата каде престојувате додека сте болни.
- Одржувајте ја чиста вашата околина – предмети, површини со средства за хигиена на домот.
- Ако сте над 65 години или имате хронични заболувања, или доколку симптомите на болеста се влошуваат или траат повеќе денови – побарајте лекарска помош

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

**Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување.** Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО): Постарите лица (над 65 години), Деца на возраст од 6-59 месеци, Лица постари од 6 месеци со хронични болести, Бремени жени и Здравствени работници.

- За сезоната 2025/2026, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 80.000 дози, наменета за приоритетните групи население.
  Вакцинацијата започна на 16.10.2025 година и се спроведува во Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ) со нивните Подрачни единици (ПЕ) и/или Здравствените домови. Вакцинацијата на здравствените работници во Скопје се спроведува во Институтот за јавно здравје.
  Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 79.105 лица од ризичните категории на населението со бесплатни вакцини.

- Дополнителни 2.400 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи. Истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест, а вакцинацијата се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.
  Според податоците од Управата за електронско здравство, со комерцијални вакцини се вакцинирани вкупно 1.836 лица.

  **Заклучно со петтата недела, во Македонија, вакцинирани се вкупно 79.105 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за четвртата недела од 2026 година за активноста на вирусот на грип низ Европскиот регион на СЗО:

- Стапките на заболувања слични на грип и/или акутна респираторна инфекција се зголемени над базичното ниво во 28 од 35 земји од Европскиот регион на СЗО.
- По неколку недели опаѓање, процентот на позитивност во сентинел надзорот во примарната здравствена заштита се зголеми во повеќе земји низ регионот, првенствено кај деца на возраст од 5-14 години. Индикаторите за надзор на грип во болниците продолжија да се намалуваат, при што оние на возраст од 65 години или постари го сочинуваат највисокиот процент. Пропорцијата на случаи на грип предизвикани од типот A(H3) продолжи полека да се намалува, но останува доминантен.
- Регионалните индикатори за активноста на SARS-CoV-2 останаа на базично ниво.
- Индикаторите за RSV низ регионот продолжија да се зголемуваат во системите за надзор во примарната здравствена заштита и болниците. Оптоварувањето и процентот на позитивност остануваат највисоки кај деца на возраст под 5 години.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**
**Институт за јавно здравје**